РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-128/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1548/1 од 16.05.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности извршени од страна на ------------------------------------, при запишување на право на сопственост, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1548/1 од 16.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-1548/1 од 16.05.2025 година, поднесена од --------------------------- од ---------, во која изнесува наводи за сомневање за неправилности извршени од страна на ------------------------------------------ при запишување на нејзино право на сопственост.
Подносителот во пријавата наведува дека во 2011 година, водена е оставинска постапка, каде што предмет на наследство била површина од 3556м² од вкупно 28.772м² недвижен имот, кој е заведен во поседовен лист ----- КО --------------- во -----------. Останатиот дел на горенаведениот недвижен имот, според подносителот на пријавата е негова сопственост, за кое што има поседовен лист, но не можел да добие имотен лист.

Во насока на утврдување на фактичка состојба по предметот, ДКСК достави Барање за доставување на податоци до Агенција за катастар на недвижности(АКН).

Постапувајќи по барање на ДКСК, АКН достави информација во која се наведува следното: По извршениот увид во катастарот на земјиште КО ----------, утврдено е дека лицето -------- бил евидентиран во ПЛ ---- како сопственик на КП -------, КП-------- и КП------- од КО ----------. Видно во список промена бр.------- од 15.12.1982, врз основа на доставен Договор за поклон бр.---------- од 15.12.1981 година, КП -------- и КП ---------- се евидентираат на лицето ---------- ----------- од -----------, додека КП ----------- КО -----------, останува во сопственост на ----------------.

Во 1987 година, согласно Договор за доживотно издржување Ов.бр.------------ од 28.12.1981 година, КП ------------ КО -----------, со површина од 3556 $м^2$, се евидентира во ПЛ ----- на лицето -------------------------- од ------------.
На 30.06.2009 година, врз основа на Решение бр.------------ објавено во Службен Весник на РМ бр.-----/2009, стапува на сила катастарот на недвижности за КО --------------, при што врз основа на извршено систематско излагање на податоците на недвижностите, новите КП---------, КП --------, КП -----------, КП -------- и КП --------, сите КО ------------- се запишани во ИЛ ----, со право на сопственост на -------------------------- од -----------, согласно податоците од катастарот на земјиште-постојната (стара) катастарска парцела.

Во постапка по предмет ------------/------ од 2011 година (список промена бр.47/2011), врз основа на доставено Наследно решение О.бр.-----/---, УДР бр.----/--- од 07.07.2011 година, погореспоменатите катастарски парцели од катастарот на недвижности, се запишуваат на наследниците, при што ------------------ е запишана како сопственик на КП -------- и КП ------ во ИЛ ---- КО ---------------, ----------------------- е запишан како сопственик на КП ------- и КП --------- во ИЛ --------, додека КП ---------- од ИЛ ---------- КО ---------------, е запишана на ------------------ ½ и ----------------------------- ½ идеален дел.

Со оглед на погоре изнесеното, а имајќи го предвид фактот дека по извршената идентификација, односно графичко преклопување на геодетските планови од катастар на земјиште со планови од катастарот на недвижности, е утврдено дека старата КП -------- КО ---------, со површина од 3556 м2, ги претставува новите КП -------, КП ---------, КП ---------, КП ------- и КП ---------- КО ------------, кои се со вкупна површина од 3477 м2. Разликата на површината помеѓу евидентираната стара состојба и запишаната нова состојба од 79 м2, се должи на различните методи на пресметување на површините на парцелите, како и утврдената фактичка состојба од извршениот премер, при што АКН информира дека е во граници на дозволените отстапувања, согласно Законот за катастар на недвижности.

ДКСК констатира дека пријавените наводи од подносителот ----------------------, не се основани, поради тоа што според запишувањата во катастарот на недвижности, истата согласно Наследно решение О.бр.-----/---, УДР бр.-------- од 07.07.2011 година, е запишана

како сопственик на КП -------- и КП -------- во ИЛ ----- КО ----------------, како и сопственик на идеален дел ½ на КП -------- од ИЛ --------- КО -----------------, односно старата КП ------------ КО ---------------------.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК